ИП1 бр. 29-954
Дата: 05.11.2025 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Модна конфекција СТОБИ акционерско друштво Велес, со седиште на ул. АСНОМ бр. 31 Велес, застапувано од Сашко Крстевски - управител. Со Записник бр. 29-954 од 28.10.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 59 став 2 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/21) и член 42 став 2 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на РСМ бр. 215/21), донесе:

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА на** Модна конфекција СТОБИ акционерско друштво Велес, со седиште на ул. АСНОМ бр. 31 Велес:

1.1 Да изврши одвојување на измешаниот текстил со цврст комунален отпад лоциран во дворот на производниот објект, а отпадниот текстил од производството понатаму да се собира и чува одвоено од комуналниот или друг вид на отпад, како и да обезбеди услови за превземање на комуналниот отпад од страна на овластениот оператор на територијата на општината.
Рок:30(триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.2 Да спроведе активности за постапување со отпадниот текстил од ставот 1.1 согласно член 50 од Законот за управување со дополнителни текови на отпадот.
Рок: 30(триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.3 Да склучи договор за постапување со отпадот од пакување со колективен постапувач кој поседува дозвола од надлежниот орган.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Модна конфекција СТОБИ акционерско друштво Велес, со седиште на ул. АСНОМ бр. 31 Велес.

Надзорот се изврши за да се утврди дали се исполнуваат одредбите за постапување со отпадот утврдени во Законот за управување со отпадот и посебните закони за отпад.

При надзорот беше присутен Сашко Крстевски - управител.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-954 од 28.10.2025г. со Листа на проверка.

МК СТОБИ Велес врши производство на облека што вклучува кроење, шиење, пеглање и пакување на производите, за потребите на германски налогодавач Peterman Bekleidungs GmbH согласно Рамковен договор за пасивна доработка. Материјалот за производство на кошули (бали платно, копчиња и конци) и пакувањето за готовите кошули (картонска амбалажа, пластични држачи за јака, пакување од најлон за готов производ и сл.) се увезуваат од Германија преку трето правно лице (ДОМОТЕКС ДОО Скопје), кој е увозник на текстилот и пакувањето и е одговорен по одредбите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со дополнителните текови на отпад.

При производството на облека се создаваат следните видови отпад-отпад од текстил, отпад од хартија и картон, како и комунален отпад. Во однос на селектирањето и складирањето на отпадот, при инспекцискиот надзор на лице место се констатира дека отпадот од текстил (парчиња текстил, остатоци од кроење на материјалот и сл.), измешан со комунален отпад (претежно сува амбалажа) е времено складиран во црни вреќи на плац во кругот на објектот, во поголеми количини. Субјектот не врши селекција и одвојување на текстилот како посебен вид на отпад согласно Законот за дополнителни текови на отпад. Целиот измешан отпад при вршењето на дејноста го предава на ЈКП Дервен по што се транспортира до комуналната депонија за крајно одложување. Услугите од ЈКП во претходните месеци за собирање и транспортирање на комуналниот отпад не се извршуваат и покрај тоа што е доставено официјално барање на 01.10.2025г. од субјектот на надзор до операторот.

Согласно член 50 став 1 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/21): Правните и физички лица, кои при вршење на својата регистрирана дејност поседуваат отпаден текстил се должни истиот да го собираат и чуваат одвоено од комунален или друг вид на отпад, како и да го предадат на собирач на отпадни производи или во инсталација за

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

преработка на отпаден текстил, која има соодветна дозвола согласно со прописите за управување со отпад.

Сгласно член 50 став 2 од Законот: Правните и физичките лица од ставот 1 на овој член можат да се приклучат кон систем на самостоен или колективен постапувач со отпаден текстил.

За отпадот од пакување кој се создава при распакување на репроматеријалите (картонски хилзни, хартија и друго) субјектот е должен да се грижи за негово понатамошно постапување во согласност со Законот за управување со пакување и отпад од пакување. Тој има склучено договор со овластен постапувач САЈА 21 Велес бр. 01-93/1 од 05.03.2018г., но не е вклучен во систем со колективен постапувач за управување со посебен тек на отпад (пакување).

Согласно член 25 став 3 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на РСМ бр. 215/21), производителот исполнување на обврските може да ги остварува со склучување на договор за превземање на обврските за постапување со отпадот од пакување, со колективен постапувач со отпад од пакување кој е основан и поседува дозвола согласно со прописите за проширена одговорност на производителот.

Врз основа на член 59 став 2 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/21) и член 42 став 2 од Законот за Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на РСМ бр. 215/21), Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до недлежен прекршочен орган.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-954, на ден 05.11.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243